(2) Кога една договорна страна нема да ја исполни својата обрска во определениот рок, другата договорна страна мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обрската.

(3) Ако договорната страна не ја исполнила својата обрвска во определениот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

(4) Доколку пради неисполнување на обврските од член 2 и 3 од овој договор настане застој во почетокот на доградбата или настане застој во текот на градбата на објектот, целокупната штета во врска со тоа паѓа на товар на договорната страна виновна за застојот.

**Член 5**

(1) Општината и/или Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј", Општина Центар не смеат да ја променат основната намена на објектот,

(2) Општината и/или Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј", Општина Центар може да ја издаваат под закуп училишната фискултурна сала на други физички или правни лица, согласно Закон, само доколку истото не влијае на воспитно-образовниот процес во училиштето, и

(3) Општината и/или Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј", Општина Центар постапат спротивно на став 1 и 2 од овој член Министерството може да го раскине овој Договор и може да бара враќање на финансиските средства стекнати по тој основ.

**<u>IV. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ДОГОВОРОТ</u>**

**Член 6**

(1) Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено, по писмен пат, со взаемна согласност и во согласност со важечките позитивни прописи.

(2) Секоја договорна страна може да бара измена или дополнување на одредбите на овој Договор, при што е должна своето барање да го достави до другите страни во писмена форма.

(3) Промената на овој Договор може да се изврши со Анекс кој стапува на сила со денот на неговото склучување и претставува составен дел на Договорот.

(4) Измените или дополнувањата на овој Договор се важечки ако истите се направени во писмена форма и ако се потпишани од договорните страни.